СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
Бр.08-822/26
07.02.2025 година
Кавадарци

# З А П И С Н И К

За работата на 53-та седница на Советот на Општина Кавадарци закажана за денес 07.02.2025 година.

## ПОЧИТУВАНИ СОВЕТНИЦИ

Ја отварам 53-та седница на Советот на Општина Кавадарци закажана за денес.

На седницата присуствуваат 18 советници. Еден советник ќе ни се приклучи пократко во текот на самата седница.

Констатирам дека има кворум за работа и Советот може полноважно да одлучува по предложениот дневен ред.

На денешната седница имате добиено и Записник од 52-та седница на Совет на Општина Кавадарци.

Дали има забелешки околу Записникот на 52-та Седница на Советот на Општина Кавадарци.

Ве молам за гласање. Кој е за Записникот на претходната 52-та Седница на Советот на Општина Кавадарци. Едногласно усвоен.

Со Решението за свикување на денешната седница имаме добиено Предлог Дневен Ред. Тоа е:

1. Предлог-Програма за одбележување на Празникот на лозарите „Св.Трифун 2025“, доставена од Иноватива Груп ДОО Скопје;
2. Предлог- Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Кавадарци за 2025 година;
3. Предлог- Програма за изменување и дополнување на Програмата за изработка и донесување на урбанистички планови во Општина Кавадарци за 2025 година;
4. Предлог-Одлука за формирање на заедничка Комисија за меѓуопштинска соработка помеѓу општините од Повардарскиот Регион;
5. Предлог- Решение за именување на членови на заедничката Комисија за меѓуопштинска соработка помеѓу општините од Повардарскиот Регион;

6. Предлог-Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општините од Повардарскиот Регион (од областа на туризам) ;
7. Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2025 година (опожарена куќа);
8. Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2025 година (опожарена куќа);
9. Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката со арх.02-163/3 од 03.12.2024 година, за давање согласност на Одлуката за склучување на меморандум со ЈЗУ Општа Болница со проширена дејност Кавадарци, донесена од Управен Одбор на ЈП за стопанисување со спортски објекти „Мито Хаџи Василев Јасмин„ Кавадарци.
10. Квартален и Кумулативен Извештај за работењето на ЈП за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци за период од 01.01.2024 година -31.12.2024 година, донесен од Управен Одбор на ЈП за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци;
11. Предлог-Одлука за усогласување, изменување и дополнување на дополнителни дејности на СОЗШУ„Ѓорче Петров„ Кавадарци, донесена од Училишен Одбор на СОЗШУ„Ѓорче Петров„ Кавадарци;
12. Предлог-Одлука за расход на основни средства, донесена од Училишен Одбор на СОЗШУ„Ѓорче Петров„ Кавадарци, донесена од Училишен Одбор на СОЗШУ„Ѓорче Петров„ Кавадарци;
13. Програма за екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците за учебната 2024/2025 година од ООУ„Димката Ангелов Габерот„ Кавадарци;

Точката Советнички прашања предлагам да биде последна од предложениот Дневен ред.

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред со следните точки и тоа:

14.Предлог-Одлука за пренесување на право на користење на отпишаната компјутерска опрема со донирање, донесена од Училишен Одбор на СОЗШУ„Ѓорче Петров„ Кавадарци, донесена од Училишен Одбор на СОЗШУ„Ѓорче Петров„ Кавадарци;

Ве молам за оваа точка за усвојување во денешниот дневен ред. Едногласно усвоена.

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување од предложената точка, тоа е:

15.Предлог-Одлука за одредување на проектот“Реконструкција улица Задругарска”како приоритетна инвестиција;

Согласно Деловникот молам за произнесување по предложената точка на денешниот дневен ред .Оваа точка е усвоена.

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

16.Известување за работата на Одделението за внатрешни работи Кавадарци за 2024 година;

Едногласно, оваа точка е усвоена на денешниот дневен ред.

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред со денешната точка и тоа:

17.Предлог-Одлука за субвенционирање на ЈП за стопанисување со спортски објекти„Мито Хаџи Василев Јасмин„ Кавадарци

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа:

18.Предлог-Одлука за задржување на намена;

Точката ве молам за усвојување. Кој е за точката на денешниот дневен ред.

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа:

20.Полугодишен и Годишен Извештај - Регионален центар за советување на жени и деца жртви на семејно насилство од Здружение за родова еднаквост Визија Кавадарци.

Согласно Деловникот молам произнесување. Кој е за. Едногласно усвоена.

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на денешниот дневен ред на следната седница и тоа:

21.Предлог- Одлука за утврдување на максимален износ на вредност на бодот за пресметување на платите на административните службеници вработени во ЈОУДГ„Рада Поцева„ Кавадарци за 2025 година, донесена од директорот ЈОУДГ„Рада Поцева„ Кавадарци;

Едногласно.

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред на денешната седница и тоа :

22.Предлог-Одлука за утврдување на максимален износ на вредност на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и на директорот во ЈОУДГ„Рада Поцева„ Кавадарци за 2025 година, донесена од директорот ЈОУДГ„Рада Поцева„ Кавадарци;

Едногласно.

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на денешниот дневен ред тоа е:

23.Извештај за работа на Територијална против пожарна единица Кавадарци за 2024 година;

Едногласно усвоена.

Почитувани колеги последното барање, согласно член 59 став 1 алинеја 3 тоа е:

24.Предлог-Програма за работа на Територијална Противпожарна Единица Кавадарци за 2025 година;

Ве молам за гласање за дополнување на оваа последна точка од денешниот дневен ред и таа е усвоена. И последната 25-та точка. Тоа е:

25.СОВЕТНИЧКИ ПРАШАЊА.

По договор од претходната 52 Седница на Совет на Општина Кавадарци.

Дали има некои предлози за измена и дополнување на вака досега изменетиот денешен дневен ред. Нема. Истиот го ставам комплетно на гласање изменет. Едногласно усвоен.

Преминуваме кон реализација на Дневниот ред на 53-тата Седница на Советот на Општина Кавадарци.

1. Предлог-Програма за одбележување на Празникот на лозарите „Св.Трифун 2025“, доставена од Иноватива Груп ДОО Скопје;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Повели Вуко. СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Почитуван Претседател на Совет, колеги советници, граѓани на Општина Каваадрци, медиуми. Она што сакам да го потенцирам во однос на оваа точка и на оваа работа, односно во однос на организацијата на културните манифестации сакам да кажам дека наше залагање као советничка група овде 4 години е да општината заедно со општинските институции, културни институции да си ја превземе оваа обврска за организација на

овие настани, станува збор само за Св. Трифун, Кавадаречко Културно Лето и Тиквешкиот Гроздобер, сметам дека имаме капацитет ние како Локалана Самоуправа, Секторот култура и останатите културни институции кои што се под капата на Општина Кавадарци, односно под ингеренција на Општина Кавадарци и можат да ги спроведуваат овие културни институции, а не да одиме повторно со делегирање на надлежност на приватната компанија. Мислам во однос на претходните години од она што се гледа и начинот на кој што се работи е дека продолжува истиот модел и принцип на работа на организација на овакви настани, пак се делегира надлежност на приватна компанија, има само една компанија која што секоја година се пријавува, значи само една компанија се пријавува истата компанија, ја добива и не очекувам да начинот на кој што ќе бидат организирани културните институции посебно со акцент на Тиквешкиот Гроздобер, во начин на ангажирање на артисти во начинот на плаќање на артисти, во начинот на комерцијализацијата на јавниот простор со поставување на штандови, мислам еден тотален бизнис модел за кој што профитираат неколкумина, мислам дека овие настани се општонародни настани и треба да има секој можност да дојде и да на истите присуствува. Апсолутно не се согласувам со ваквиот начин на организација на овие културни настани и манифестации. Дали некој друг бара збор. Точката ја ставам на гласање. Кој е за. 12 за. 3 против. 1 воздржан.

2. Предлог- Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Кавадарци за 2025 година;

Дали некој бара збор. Дали можеме да пристапиме кон гласање на точката. Едногласно.

3. Предлог- Програма за изменување и дополнување на Програмата за изработка и донесување на урбанистички планови во Општина Кавадарци за 2025 година;

1 воздржан. Останатите за.

4. Предлог-Одлука за формирање на заедничка Комисија за меѓуопштинска соработка помеѓу општините од Повардарскиот Регион;

Едногласно.

5. Предлог- Решение за именување на членови на заедничката Комисија за меѓуопштинска соработка помеѓу општините од Повардарскиот Регион;
   Едногласно.
6. Предлог-Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општините од Повардарскиот Регион (од областа на туризам) ;

Едногласно.

7. Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2025 година (опожарена куќа);

Едногласно.

8. Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2025 година (опожарена куќа);

Едногласно.

9. Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката со арх.02-163/3 од 03.12.2024 година, за давање согласност на Одлуката за склучување на меморандум со ЈЗУ Општа Болница со проширена дејност Кавадарци, донесена од Управен Одбор на ЈП за стопанисување со спортски објекти „Мито Хаџи Василев Јасмин„ Кавадарци.

Едногласно.

10. Квартален и Кумулативен Извештај за работењето на ЈП за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци за период од 01.01.2024 година -31.12.2024 година, донесен од Управен Одбор на ЈП за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци;

Повели Веса Богева.

СОВЕТНИЧКА ВЕСА БОГЕВА: Почитувани граѓани, почитувани медиуми, колеги советници, присутни, почитуван Претседател на Совет, почитуван Градоначалник, значи ЈП Градски Превоз ни достави прво од ЈП-ја извештај за своето работење за последниот квартал од 2024 година. Во сите мои излагања претходно, значи на претходните седници кога на дневен ред имавме одлуки за субвенционирање на ЈП-ја од Општина Кавадарци или анализи на квартални извештаи на ЈП-ја на Општина Кавадарци, потенцирав дека секое ЈП треба да биде насочено на зголемување на приходите, намалување на трошоците и во делот на дотациите што е најбитно за нас како советници затоа што ние ги носиме одлуките за субвенционирање на овие ЈП-ја треба ЈП-ја да бидат насочени на намалување на дотациите, всушност на потребата од дотации, субвенции, што ги одобрува Општина Кавадарци, а Општина Кавадарци или ние како советници да бидеме насочени на правилна распределба на тие средства што се наменети за сите ЈП-ја, затоа што знаеме дека сите ЈП-ја формирани од Општина Кавадарци користат субвенции заради тоа што не се во можност да остварат приходи доволно за да ги покријат своите трошоци и можеби тоа е нормално затоа што вршат јавни услуги, што се во интерес на сите граѓани на општина Кавадарци, па сега конкретно за кварталниот извештај на Градски Превоз можеме

да видиме дека имат остварено приходи 34 000 000, трошоци 33 708 000, односно добро е што ЈП завршува со добивка од 381 628 денари, значи после сите тие укажувања успеа ЈП да работи во делот за зголемување на приходите, значи имаме зголемување на приходите во однос на претходните 3 квартали, има зголемување и на трошоците, но сепак не во тој степен за да може ЈП да си оствари добивка односно да оствари толку приходи за да ги покрие своите трошоци или прави трошоци доволно кои што можат да се покријат со остварените приходи, така треба да продолжи и во наредниот период во 2025 година, да се труди да ги задржи тие приходи што ги има, основите по кои што ги има остварено овие приходи во 2024 година и се бори за остварување на нови приходи, затоа што знаеме дека не е лесно стопанисувањето со ЈП-ја, но секогаш треба да бидеме насочени за подобрување на резултатите на секое ЈП, па и на Градски Превоз, сите тие ЈП-ја имат големо значење за граѓаните на општина Кавадарци, посебно ова ЈП кое што врши услуги превоз кои се неопходни за нашите граѓани и за учениците, нормално, така што ќе ја следиме состојбата и во 25-та и очекуваме дека ќе продолжи со позитивно работење ова ЈП.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Дали некој друг бара збор. Точката ја ставам на гласање. Кој е за. 1 воздржан, останатите за.

11. Предлог-Одлука за усогласување, изменување и дополнување на дополнителни дејности на СОЗШУ„Ѓорче Петров„ Кавадарци, донесена од Училишен Одбор на СОЗШУ„Ѓорче Петров„ Кавадарци;

Точката ја ставам на гласање. Едногласно.

12. Предлог-Одлука за расход на основни средства, донесена од Училишен Одбор на СОЗШУ„Ѓорче Петров„ Кавадарци, донесена од Училишен Одбор на СОЗШУ„Ѓорче Петров„ Кавадарци;

Едногласно.

13. Програма за екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците за учебната 2024/2025 година од ООУ„Димката Ангелов Габерот„ Кавадарци;

Едногласно.

14. Предлог-Одлука за пренесување на право на користење на отпишаната компјутерска опрема со донирање, донесена од Училишен Одбор на СОЗШУ„Ѓорче Петров„ Кавадарци, донесена од Училишен Одбор на СОЗШУ„Ѓорче Петров„ Кавадарци;

Едногласно.

15. Предлог-Одлука за одредување на проектот “Реконструкција улица Задругарска” како приоритетна инвестиција;

    Едногласно.

16. Известување за работата на Одделението за внатрешни работи Кавадарци за 2024 година;

Едногласно.

17. Предлог-Одлука за субвенционирање на ЈП за стопанисување со спортски објекти„Мито Хаџи Василев Јасмин„ Кавадарци.

    17-та точка од денешниот дневен ред. Повели Валентина Бањанска.

    СОВЕТНИЧКА ВАЛЕНТИНА БАЊАНСКА: Почитувани присутни, почитувани сограѓани, почитувани медиуми. Во врска со субвенцијата на ЈП „Мито Хаџи Василев Јасмин„ најпрво сакам да го поздравам отварањето на Ски Центар Михајлово, со тоа што се збогати спортско рекреативните содржини за граѓаните на Кавадарци, а потоа и за останатите жители на нашата држава. Околу оваа точка јас имам две прашања. Значи првото прашање ми е овие лица што треба да ги исплатиме, ангажираните лица додека траеше и сеуште можеби се ангажирани мора да си ги примат средствата значи за кои треба денес да донесеме и да изгласаме одлука. Имам прашање дали Ски Центарот Михајлово имаат вработени лица и доколку немаат вработени лица зошто воопшто не се извршило вработување и тоа сезонски вработувања, затоа секогаш кога се од сезонски карактер можат самите вработени да се задржуваат дневно, на дневна основа, значи Законот дозволува повеќе од 8 часа или помалце од 8 часа и второто прашање ми е зарем Ски Центар Михајлово не остварија доволно приходи за да може да си ги покријат овие трошоци за ангажираните лица кои се всушност вработени во Општината или ЈП-ја формирани од Општината. Сметам дека ова треба да биде решение за секоја наредна сезона, затоа што Ски Центарот Михајлово не е само за оваа година или неговата дејност значи продолжува и понатаму и наредната година.

    СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Почитувани колеги во отсуство на директорот јас сум вработен во Јасмин и сум советник накратко да образложиме по овие дискусии на советничката, а ова година е прва година кога стартува Ски Центарот за многу кратко време моравме да го пуштиме, а работните места се толку многу специфични што и да дадиш оглас и рокот на огласот ќе помине,

нема да најдиш работници, да им бидеме благодарни на овие луѓе што дојдоа да помогнат. Тие не земаат дневници него некоја мала надокнада на некој вишок саати и капиталот што го добива Јасмин како Ски Центар е многу голема работа, привилегијата ја имаат граѓаните, ние сме само сервис. Дојдоа луѓе од цела Македонија и од Кавадарци, децата полугодието го искористија во скијање и ги заштедивме нашите родители да не даваат пари да ги носат на други ски центри, тука е блиску, се контролираат и е безбедно, значи ја пратев организацијата од почеток до крај, значи толку добро беа организирани институциите и МВР и пожарникари и болница, дури и не очекувавме толку, ради тоа што првпат се дешава ова работа и сега ние кога стекнуваме капитал, капиталот не може за еден месец да направи ќар. Тоа е инвестиција на подолго време, на 2, 3 години да дојде до поврат на средствата и да има некој позитивен ефект, можда наредна година треба да правиме друг однос на распоредување на привилегиите, али за почеток ја лично сум презадоволен. Да не правиме сега фами и дискусии и да трае подршка на салата ради тоа што салата пари нема и по основ на другите програми ние бараме 4 000 000 од Општината, значи планирана загуба сме и ради тоа што ова година е изборна да не ствараме политички тензии и да ги тераме работите во таа насока.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Почитувани сограѓани, почитуван Претседател на Совет, почитувани советници, почитувани медиуми. Една од темите која што е денеска е Извештајот за Спортскиот Центар Јасмин и дискусијата која што советничката го постави како прашање во делот на ангажирање на личностите при вршење на дејности во делот на Скијачкиот Центар Михајлово. Скијачкиот Центар Михајлово е во последните 5 години една од најдобрите инвестиции во државата која што можеше да ја напараве една општина, а заа жал и државата можела да направе многу повеќе вакви работи, меѓутоа досега не е превземено ништо. Прво тука сакам уште еднаш да се јавно заблагодарам на сите компании, нема да ги именувам, да не испадне дека само ги рекламираме кои што негде околу 400 000 донираа во тој скијачки центар и е во функција веќе месец дена и некој краток период. Прво и основно кога се правеше планот за скијачкиот центар се бркаше времето да се стигне до 20-ти декември, да се донесе опремата во Македонија, да се царини, да се монтира и врз основа на тоа се следеа и

временските прилики кои што ги очекувавме, дали ќе има снежни врнежи, дали ќе има ниски температури, дали ќе има услови воопшто за ски-сезона. Знаете дека многу скијачки центри во некои делови во годините немаат воопшто отворено затоа што имаат зими кога нема ни снег. Прашањето е логично, меѓутоа за мене е многу пологично она што го направивме ние, заедно со јавните институции, со вработени дел од Општина Кавадарци, прво никој не знаеше колку дена ќе работи тој скијачки центар, 5, 10, 15, 20,30 или 60, зависи од 2 работи снежни врнежи и ниски температури зан правење на вештачки снег. Второ во соработка со сите директори во Меморандум за соработка, со дослух на вработените, заради намалениот обем на работа ва јануарскиот и февруарскиот период. Како и секоја една фирма и секоја јавна институција има сезона, има вонсезона, намалениот обем, дел вработени отстапија да функционират во Скијачкиот Центар Михајлово и тоа од Паркинзи, Превоз, ЈП Комуналец, локалниот Музеј, Дом на Култура, Општина Кавадарци, Јасмин итн. сите. Тие луѓе не беа воопшто малку на број, беа околу 35, 36 луѓе, кои што ротираа на дневна основа според потребите на самиот скијачки центар. Јануари месец помина одлично, поготово првата половина додека беше распустот на учениците и некаде на скијачкиот центар досега се имат појавено повеќе од 25 000 луѓе кои што го посетиле за месец дена и тоа е еден оличен бенефит за општина Кавадарци и за самиот скијачки центар. На тие луѓе не му е исплаќано плата во редовниот работен однос, му исплаќаме само дополнителен хонорар доколку прекувремено работеле од оние 150 или 160 часа месечно, доколку работеле во недела и за празник и доколку имале работа во ноќните часови каде се исплаќа по закон дополнителни средства. Тоа не се пари никакви. Јас немам точна пресметка, ама очекувам да биде околу 300 000 денара за месец јануари хонорарот за сите тие вработени кои што треба да го исплатиме, ние према институциите, а тие да го исплатат према вработените . Не е прашањето дали скијачкиот центар направи приход толку. Да, направи. Според моја информација некаде околу 700, 800 000 денари во моментот скијачкиот центар има сопствени средства на сметка, фискализирани и внесени на сметка. Тие пари се приход, профит се, меѓутоа тоа што имавме од 5 ,6 институции, луѓе од Комуналец, како што ги спомнав, Дом на култура и било како, ние ќе ги префрлиме тие средства на

институциите, а институциите ќе ги дадат како награда или бонус за сето тоа работење во делот на помагање на скијачкиот центар. Многу е побитен моментот, тие луѓе што беа таму 35 на број, почнувајќи од раководител сектор, почнувајќи од референт или било кој имаше една заедничка хемија, кај што позитивно цела таа работа ја гледаа и дадоа голем придонес од нивна организираност, љубезност, вложеност да профункционира скијачкиот центар и тоа го правеа со елан и го прават со елан до ден денеска, ни присилени, ниту пак наметнато со организиран превоз, со организиран оброк, со купено ХТЗ опрема за секој, значи буквално, сега ние сакаме да правиме нешто во Општина Кавадарци што е добро и што сите ни завидуваат, а не сакаме да се вклучиме лично да придонесиме, напротив лично придонесивме и во наредната сезона 25/26 скијачкиот центар тешко дека ние ќе најдиме 20 луѓе да ги вработиме на месец дена и да ги обучиме и немаме ни потреба, затоа што во тој период се празнични моменти, претежно некои општини зимаат колективни одмори по 7 дена, по 10 дена и луѓето се слободни. Тие луѓе се тука, се вклучија за да помогнат и едноставно да одговорат на прашањето, да одговорот на сите гости и рекреативци кои што дојдоа на ски центарот. Во делот на вработувањето нема вработени ЈП Ски Центар Михајлово, ми се чине дека само еден е преку преместен од ЈП Јасмин заради функционирањето законско во делот на раководењето на фискална, на сите други работи кои што ги издава при вршењето на самата дејност. Тука исто ТППЕ со двајца луѓе беше на терен константно, која што е наша Противпожарна, ја плаќаме, со 9 души на смена и наместо да лежат во пожарната двајца луѓе обучени спасувачи се таму за да не платиме спасувачи. Општа Болница да се заблагодарам и на лекарите и на персоналот испаднаа во пресрет, секој лекар кој што има слободен ден, одмор или на некој начин да е слободен беше пријавен да биде дежурен по денови на список на дежурства и тоа е еден благодет, лекарите не дојдоа таму за да спечалат пари, дојдоа по минимални цени кои што ги определи Општа Болница, инаку можевме слободно, можевме да вработиме 20 луѓе на два месеци. Можевме. Зошто месец, еве месец февруари е, овој викенд еве јавно повикувам да се посете ски Михајлово со оваа неделната можност, со ниските температури ние направивме околу 1500 м3 вештачки снег и стазата ќе биде во функција овој

викенд сигурно. Ако има прилики ниски температури наредниот викенд, ќе го продолжиме тоа и наредниот викенд така да нема поубаво нешто од сред зимо на 30 км да имаш и воздушен банер и рекреативна и ски зона. Значи вработувањето на такви лица за таков краток период, искусено, гледајќи го и од другите скијачки центри кои што под локална или државна капа се користат кадри, луѓе кои што се претходно вработени, а во тој период се делумно или релативно слободни. Можевме да изнајмиме и спасувачка екипа и доктор да вработиме и се и ќе направивме 2 000 000 денара или 3 000 000 трошок, ќе удоволевме лични работи и немаше да ја постигниме целта. Во тој дел сами знаете дека Општина Кавадарци има ресурси, има одлична ТППЕ со 30 на број, има Општа Болница со доволно кадар и превозни средства, има ЈП за превоз, кое што можеше да се организира да го врше превозот , има ЈП за паркирање, кое што во месец јануари обемот на паркирање му е намален и до 60%, надвор се луѓето, празници, пак ќе кажам колективни, зимски одмори итн. и тие луѓе се искористија правилно, така да немам тука никаква дилема и мислам дека е правилен начин и треба да го подржиме сите тоа такво максимално користење на луѓето и на кадрите сезонски. Во месец февруари скијачкиот центар ќе работи се додека има услови, значи овој викенд сигурно, верувам дека и другиот викенд по тоа што го гледаме како временски прогнози, ги следиме така да до крајот на февруари ќе бидат заангажирани лица соодветно според очекуваното и обемот на работење. Сме имале кога имало по 3000 луѓе на скијачкиот центар и 15 до 20 луѓе заангажирано, од понеделник до петок сега има само двајца луѓе заангажирано колку да е активен скијачкиот центар, а за викендите според проценката и според условите временски кои што ќе бидат во делот на скијачкиот центар. Мислам дека тука немаме никаква грешка и пак ќе повторам и ќе кажам скијачкиот центар нема вработени, активни вработени и сопствени средства има на сметката, а извештајот сигурно ќе го видите во првиот квартал кога ќе заврше колку се тие средства и како се така според пак ќе повторам според моите информации негде 600 до 700 000 денара има акумулирано бруто средства од изнајмување, односно од давање карти за ски зоната.

СОВЕТНИК КРУМЕ БОГЕВСКИ: Градоначалник јас го подржувам овој менаџмент околу човечките ресурси нели за едно друштво

кое што е од еден таков времен тип на работа, само сезонски заради тоа што сметам дека нема доволно обем на работа во текот на 12 месеци да бидат ангажирани лицата, но прашањето ми е во однос на одржливоста, заради тоа што оваа инвестиција вие ја најавувавте како нешто што треба да трае век и векови и верувам дека така сакате да останете и дека тоа ви е во некојси развоен план. Што ви дава сигурност дека наредните години овој ваш план кој што сега го имате и менаџментот околу човечките ресурси ќе биде изводлив и во наредните години и за 5, и за 10, и за 20 години. Дали сметате дека секоја година ЈП-ја и Општина Кавадарци ќе го има тој број на вработени кои што би можеле во секое време да излезат и тие неколку денови или месеци да работат таму на Ски Центар Михајлово.
ГРАДОНАЧАЛНИК: Значи Скијачкиот Центар Михалово ќе се развива во повеќе насоки и тоа го кажав неколку пати, го елаборирав и заедно со менаџментот и со Спортскиот Центар Јасмин ќе го менаџираме. Нашата цел не е да работе само зимниот период, целта е да работе през цела година и да има активности, така да скијачки центар може да работе 2, максимум 3 месеци, на таа надморска висина е 2, како што кажав доградба на две стази, оваа година се предвидени, урбанизација делумна на околината на Скијачкиот Центар, давање на можност на 3 до 4 мотели, хотели, како сакаш наречи ги, да се изградат и да имаме 12 месеци активност, кога ќе имаме 12 месеци активност и развиена туристичка зона и сами знает што можеме да правиме на пролет, што можеме да правиме летно време, зимно време, дали ќе биде велосипедизам, дали ќе биде пешачење, рекреативни зони, спа центри и сите други работи, така да тука нема да застанеме, ова е само почеток. Во делот на ресурсите кои што ги кажавте дали ќе има потенцијал и после 5, 10, 15 години да ги даваат услугите и другите ЈП-ја, јас мислам дека дотогаш ние ќе бидеме комплетни и дека ќе има стални вработени во скијачкиот центар, времени вработени и сезонски вработени, така да според условите и потребите. Не сакам да направиме нешто да трупаме, учејќи се на она што е прва година, за 30 дена буквално е обука за еден вработен што треба да ја направиш, а не да го вработиш, така да во иднина со доградбата на двете стази, со доградба на затворена спортска сала, со доградба на терени да може да отидат и репрезентации таму и на припрема и сограѓани и да одат луѓе и

на летување и на зимување, мислам дека тој скијачки центар ќе има потенцијал и капацитет според обемот да има број на вработени за стално како вработени и нормално дека секогаш ќе има сезонско вработување од месец, два, три како што еве само еден класичен пример ќе кажам, ќе ја земиме еве соседна Србија, Еве Србија нема море, али Бугарија да ја земиме истите келнери може да ги сретниш летно време во Варна, а зимно време во Банско да ги сретниш на работа, така да буквално кажано тоа е сезонска работа и таму.

СОВЕТНИК КРУМЕ БОГЕВСКИ: Уште едно прашање. Само околу пристапноста заради тоа што разговарав со неколку мои пријатели и познаници кои што го посетија Ски Центарот Михајлово, се од Скопје, од Штип, од Куманово итн. и главната забелешка им беше околу пристапноста до ски центарот, значи Општината може да работи и на развојот на самиот ски центар колку што може, нели колку што има расположение од страна на Општината, но доколку делот кој што е помеѓу Мушов Гроб, исклучокот према Михајлово на регионалниот пат од Мушов Гроб до Конопиште мислам дека е, тој дел од патот е многу, многу оштетен. Дали имате план во кординација со централната власт за реконструкција на тој пат или пак можеби изградба на нов пристапен пат по кој што би го спојил Мушов Гроб со изклучокот кон Михајлово и сметам дека со пробивањето на новиот граничен премин и со изградбата на регионалниот пат од Демир Капија до Барово би се зголемила фреквенцијата на туристи кои што би го посетувале овој туристички Ски Центар Михајлово. Дали имате информација околу тие нешта, до каде изградбата и реализацијата на тие нешта, зборувам за двата регионални патишта и отварањето на граничниот премин.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Негде во месец септември од наша страна како општина беше побарано од ЈПДП, ЈП, Министерството за транспорт и од Влада приоритети и потреби на Општината во делот на регионалните патишта, лично јас со службите го пуштивме тој допис и писмено и на мејл и таму се ставени регионални патишта зборам, приоритет отварање на граничниот премин до асфалтирање на патот Мрежичко, Мајдан, реконструкција и проширување на патот Мушов Гроб Конопиште до асфалтирање на патот Конопиште Бошава и асфалтирање на патот од Демир Капија до Барово. Тие се работи ставени приоритет во делот на регионалните патишта кои

што ги бараме од државата да одвое средства и да ни ги ставе во Програма за изградба и реконструкција. Знаете дека заобиколницата веќе е одобрена и затоа не ја дискутирам како заобиколница и мислам дека ако не успееме оваа година, од овие 5 или 6 проекти да ги стават во делот на комплетната реконструкција и доградба верувам дека два проекта треба да обезбедиме и излобираме заедно и со нашите пратеници и со сограѓаните да се стават во изградба и доградба, во дослух сме со Министерството за транспорт, со Агенцијата за патишта, со министерот, со директорот, има расположение и секако дека за Општина Кавадарци ќе бидат одвоени некои од овие проекти да бидат довршени, некои започнати нели, некои се почнати пред 30 години, а се оставени, а и сами знаете дека таму веќе има и повеќе правни субјекти и во Конопиште и во Стагово и во Барово, Мајдан, кои што функционират, придонесуват во општеството и мислам дека треба да се даде приоритет и по тој основ и по основ на развојот на туризмот, сам кажа дека ако успееме од Демир Капија да го поврзиме патот до Барово и го пуштиме граничниот премин тука нема веќе што да дискутираме за понатамошен развој. Според мене дека два проекти ќе бидат одобрени со сигурност, е сега кои два верувам дека според тие средства кои што ќе ги има во буџет ЈП ќе гледаме да ги издвоиме, да направиме целина, да не биде нешто почнато, а недовршено. Мислам дека се даде приоритет до Мајдан да се заврше патот, пошто е во многу лоша состојба и многу долго време е така оставен и ако ме прашате јас би дал приоритет на Мушов Гроб, Конопиште да се реконструира и да се прошире, а во втора фаза да влезат Конопиште, Бошава и Демир Капија Барово или Крњево како би го кажал, али сепак тоа ќе зависи од повеќе услови.

СОВЕТНИК ЈОВАН ЗЛАТЕВСКИ: Само дополнување Градоначалниче. Дали во овој буџет што беше усвоен пред Нова Година за 25-та година има некои од овие 5 проекти.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Значи буџетот како буџет му е усвоен на ЈП-ја и на министерствата, сега се прават програмите врз основа на дадените приоритети и тоа што го спомнав сега треба да излобираме да успееме да ги стават овие наши приоритети во делот на самата програма, па после тоа би одело на Влада веројатно како кај нас што оде на Совет, па би одело на

тендерирање. Буџетите како бруто буџети сите ги имат нели донесено, сега распределбата надолу ќе зависи од приоритетите, значи тука сега ни треба да се заземиме, да видиме што би ни овозможиле повеќе да добиеме средства, не само од Министерството за транспорт и ЈПДП тука спаѓаат сите министерства и детска заштита и труд и економија и спорт, така да сите министерства допрва ги прават приоритетите и програмите

СОВЕТНИК КРУМЕ БОГЕВСКИ: Да ама Градоначалник нели станува збор не само за финансиски средства туку и расположение од власта и од ваа страна и од грчка страна кога станува збор за граничниот премин. Значи еве од 2017 година, ако Преспанскиот договор 2018 кога е потпишан, ако уште нема никаков прогрес у дискусиите околу отварањето на граничниот премин, тука има стагнација која што е од друг политички основ, не од основ на финансии.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Значи еве вака хронолошки ќе се потрудам да се потсетам и да ви кажам тоа што јас точно го знам за граничниот премин. По потпишувањето на Преспанскиот договор два гранични премини се влезени во тој договор или спогодба како сакаш кажи ја незнам, Маркова Нога како прв приоритет и втор приоритет нашиот Пуљевац граничен премин. Направени се повеќе, за Маркова Нога не зборувам, тоа е веќе во завршна фаза и верувам дека за година, две ќе биде пуштен во употреба, да направен е, ама пуштањето не е така лесно, тука се билатерални работи, па спогодби, па меѓународни така да од кога ќе биде готов они му треба една година да се консолидират да го пуштат . За нашиот граничен премин 4 пати е одржано меѓурепублички комисии, последната беше во Солун, на ниво Министер за надворешни работи од Македонија и од Грција и градоначалници од регионот и од нашиот регион и се донеси заклучок дека ќе се прави еден граничен премин, нема да правиме два, дека треба Министерството за транспорт, МВР при двете држави, Царина, Министерството за финансии да ја определат котава, точкава каде ќе биде граничниот премин, нас и ни беа одобрени средства од 3,5 000 000 денари од Министерството за транспорт да ја отпочниме урбанизацијата, не ја отпочнавме урбанизацијата затоа што увидовме дека е грешка, ги вративме парите назад, урбанизацијата што треба да ја отпочне Министерството за транспорт и врски пошто станува збор за градба

од прва категорија, така да во тој дел досега е утврдена точката на граничниот премин, утврдено е нивото на граничниот премин до кое ниво ќе биде категоризирано и усогласено е комплетно ова при Министерството за надворешни работи како титуларен носител на предлогот се воде соодветна документација и мислам дека од некаде таму месец март, април треба да се отпочне со обезбедувањето на финансиската конструкција, од грчка страна фали многу помал дел да го направат и таму се произнеси нивното ЈП за патишта дека имат средства финансиски, дека се во добра финансиска кондиција и дека ќе го доградат сами. Од наша страна нашето ЈП нема средства да го догради предвидено во наредните 5 години за граничниот премин, односно да го асфалтира граничниот премин и затоа сега кажа дека во овој проект даваме приоритет за тоа и треба Царина и МВР да се произнесат исто заедно во делот на систематизации и услови за работи и сите други потребни елементи. Пак ќе потенцирам и ќе кажам станува збор за граничен премин од втора категорија, значи без ТИР зона, без терминали, без царинење, значи за едноставно движење на луѓе, граѓани итн., се што е друго економски или транспортно тешки сообраќаји, увоз, извоз би одело на другите гранични премини.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Точката ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно. Се извинувам. 3 воздржани, останатите за.

14.Предлог-Одлука за пренесување на право на користење на отпишаната компјутерска опрема со донирање, донесена од Училишен Одбор на СОЗШУ„Ѓорче Петров„ Кавадарци, донесена од Училишен Одбор на СОЗШУ„Ѓорче Петров„ Кавадарци;

15.Предлог-Одлука за одредување на проектот "Реконструкција улица Задругарска" како приоритетна инвестиција;

16.Известување за работата на Одделението за внатрешни работи Кавадарци за 2024 година;

16 точка од денешниот Дневен ред.

17.Предлог-Одлука за субвенционирање на ЈП за стопанисување со спортски објекти„Мито Хаџи Василев Јасмин„ Кавадарци

Еден воздржан, останатите за.

18. Предлог - Одлука за давање на движни ствари на ЈП за превоз на патници Градски Превоз Кавадарци ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци.

18-та точка од денешниот Дневен ред. Почитувани колеги ве молам за гласање. Едногласно.

19 .Предлог-Одлука за задржување на намена;

20. Полугодишен и Годишен Извештај - Регионален центар за советување на жени и деца жртви на семејно насилство од Здружение за родова еднаквост Визија Кавадарци.

Едногласно.

21. Предлог- Одлука за утврдување на максимален износ на вредност на бодот за пресметување на платите на административните службеници вработени во ЈОУДГ,,Рада Поцева,, Кавадарци за 2025 година, донесена од директорот ЈОУДГ,,Рада Поцева,, Кавадарци;

Едногласно.

22. Предлог-Одлука за утврдување на максимален износ на вредност на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и на директорот во ЈОУДГ,,Рада Поцева,, Кавадарци за 2025 година, донесена од директорот ЈОУДГ,,Рада Поцева,, Кавадарци;

Едногласно.

23. Извештај за работа на Териториjална против пожарна единица Кавадарци за 2024 година;

Едногласно.

24. Предлог-Програма за работа на Територијална Противпожарна Единица Кавадарци за 2025 година;

Едногласно.

Почитувани колеги преминуваме кон последната точка од денешниот дневен ред. Тоа е советнички прашања.

25. СОВЕТНИЧКИ ПРАШАЊА.

Ве молам за пријавување во однос на советнички прашања на кандидати на советници. Круме, Јован, Валентина, па Вуко. Во ред. Ќе почниме. Повели Круме прв. По тој редослед.

СОВЕТНИК КРУМЕ БОГЕВСКИ: Благодарам Претседателе. Имам неколку прашања. Сите од нив се крајно конструктивни и нема политичка позадина во ниту едно од нив. Првото прашање ми е околу Планот за изградба на катните гаражи. Видовме дека јавниот простор кој што моментално е во опфат на елаборатот на ЈП Паркинг не е доволно за да се задоволат потребите и бројот на возилата кои што ги има во општината, заради тоа Градоначалник конкретно прашањето ми

е дали имате план за проектирање и изградба на катни гаражи во општина Кавадарци и дали некогаш се разговарало за тоа или пак за евентуална надградба на постоечките катни гаражи во општината. Второто прашање ми е од неколку граѓани кои што имаа забелешки до нас упатени околу состојбата со хигиената на Градските гробишта, односно со сметот и неуреденоста помеѓу гробните места, конкретно фокусот им беше на дивите депонии коишто се покрај улицата, односно Северниот Булевар со гробиштата каде што се наталожува смет и дава една грда слика за градот, а понатаму и зошто помеѓу гробните места не се поплочува и има доста кал, особено земајќи ги во предвид и сметките кои што граѓаните ги плаќаат на ЈП Комуналец. Третото прашање ми е во однос на потпорните ѕидови, тука пак би се задржал на Северен Булевар, односно на сводот под гробиштата, каде што нема, нели се прошири лентата, но нема изграден потпорен ѕид, се рони ѕидот буквално над Булеварот, додека има и загрижени граѓани кои што велат дека се намалува нивото на гробните места и дека има одрони постојано на овој дел од Булеварот. Второ би прашал околу улицата Ристо Милов зошто нема потпорен ѕид каде што беше пробиена улицата која што води кон новиот парк, значи од паркот Киро Крстев према Градскиот парк, тука исто така има направено и нов тротоар, но има одрони од паркот кои што го покриваат целосно во одредени временски периоди го покриваат целосно тротоарот и улицата Ристо Милов не е проодна за пешаци заради одроните, така да тука е дефинитивно потребно еден потпорен ѕид да се изгради. Понатаму имам едно прашање околу новите насоки во средните училишта кои што неколку пати беа посочени од страна на Претседателот и од ваша страна и имаше и една иницијатива од колегата советник Јован Златевски за насока за угостителство сметам дека беше, околу таа насока дали има некои трудови направено од страна на Секторот за образование за да се воведи и околу актуелизацијата на новата насока за медицинска сестра во Средното Училиште Ѓорче Петров во Кавадарци, и според сознанијата кои што вие ги споделувате постојано и според тоа јас што гледам, затоа што еве изминатиов месец секој ден одам на физикална во Општата Болница во Кавадарци, па гледам дека стручниот персонал на медицински сестри и

техничари болничари изостанува, во голема мера има огромен дефицит на работници во болницата и сметам дека оваа нова насока медицинска сестра е од особено значење за нашиот регион. Понатаму имам Градоначалниче повторно уште едно прашање до вас за развојниот план за новиот центар, односно конкретно би сакал да прашам кога ќе почне изградбата, односно рушењето на постоечките градби и изградба на новите згради кај раскрсницата на улицата Вељко Влаховиќ и Булевар Никола Минчев, односно место познато како Новиот суд и значи надоле према Западен Булевар. И последното прашање ќе го прочитам заради тоа што само што ми стигна. Ќе го прочитам од компјутер на моето место, таму ќе ви го упатам, исто се однесува на родилиштето во Општа Болница Кавадарци.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Почитуван колега советник вие поставивте 6 прашања така. Последното сега ќе го поставите. Ќе може да го прочитате, па Градоначалникот. Ајде ве молам повели.
СОВЕТНИК КРУМЕ БОГЕВСКИ: Значи знаеме дека Општата Болница Кавадарци е под надлежност на централната власт и тоа го кажувам и за информација на јавноста, но заради тоа што актуелната власт на централно и на локално ниво е од страна на ВМРО ДПМНЕ и сметам дека сте во постојана кординација. Ве молам за одговор на прашањето дали е вистина дека докторите гиникoлози кои се од скопските клиники доаѓаат на неделни дежурства во кавадаречката болница од страна на Раководителот на гиникологија не им се дозволува вршење на пораѓај за време кога истиот не е присутен на смена, туку без разлика на статусот на родилките мора и по неколку часа да чекаат тој да пристигне и да го изврши пораѓајот. Ова пракса создава негативно мислење кај пошироката јавност и со тоа директно ја става во прашање одлучноста на идните мајки и родители пораѓајот да го извршат во нашата болница, а со тоа се изложени на огромни трошоци во приватните клиники.
ПРЕТСЕДАТЕЛ АН СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Ова последново прашање незнам колку Градоначалникот има информации и колку е компетентен за тоа бидејќи си има менаџер на Јавната Локална Установа кај што може да се обратите. Врз основа на тоа што сум вработен во Јавната Општинска Установа сметам

дека тоа би било пологично прашање да го поставите во однос на директорката. Од тоа што го знам како информација можам да го споделам со јавноста тоа дека бројот на пораѓаји во Општа Болница Кавадарци е зголемен во однос и на породување и во однос на хирушки интервенции во однос на пациентките. Општа Болница Кавадарци пред се родилна сала, гиникологија е Регионален Центар на четири општини и сметам дека за 2024 година имавме нагорна линија во однос на породувањата и во однос на родените дечиња. Искрено последното прашање незнам колку би било логично да биде насочено кон страна на Градоначалникот. Јас се трудев да ви го објаснам тоа колку што е, сметам точно доаѓа доктор од Скопје и тоа е Меморандум на соработка на ЈЗО Општа Болница со проширена дејност и Универзитетска Клиника во Скопје. Таа пракса беше и во минатото кога централна власт беше СДСМ и сметам дека поради тоа што останавме со двајца гиниколози итекако е потребно да доаѓа наш колега од Скопје, бидејќи не може да функционираме со двајца лекари како одделение, туку ќе бидиме како оддел. Толку би можел да ве информирам во однос на тоа. Во однос на останатите прашања 5 Градоначалникот да заврше со разговорот ќе одговоре. Повели Градоначалник.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Почитуван Советник благодарам за конструктивните прашања. Во делот за потребата за катна гаража и за делот на регулираното паркирање според ГУП и ДУП ние катна гаража поседуваме само една, таа е наспроти Полициската Станица која што е со еден кат изградена. Има можност да се догради според ДУП уште два ката. Од пред две години се задолжени службите, за жал досега не ја добивме документацијата за постоечката градба во делот на статиката. Кога е градена е укажано и кажано дека има статика за уште два ката да се кренат, оти е монтажна, али не можеме да пристапиме кон такво нешто додека не добиеме, мислам дека фирмата не е ни во функција истата која што ја има монтирано, увозна е катната гаража, од Италија ми се чине дека беше, не зборувам за бетонската конструкција, туку зборам за самата челична конструкција и во план е таму да се догради уште два ката за паркирање, со самото решение кое што го

направивме нели подземно и во Градскиот Пазар со негде околу 100-тина паркинг места, се поразлабави ситуацијата и втората катна гаража која што ќе ја аплицираме е над Градскиот Стадион, меѓу самата градба на индивидуални куќи и Градскиот Стадион гледајќи накај исток, тоа празно парче е за катна гаража. Толку имаме ние можност за градење на катни гаражи во територијата на Општина Кавадарци и двете ги имаме во обзир и мислам дека наредната година дека треба да се отпочнат без разлика на околности изборни, неизборни, иден градоначалник итн. Градските Гробишта околу хигиената ќе си проверам лично и ќе разговараме со директорот и со раководителот. Ако е така, верувам дека е така, чим тука реагира да се подобре и партерното уредување на самите Градски Гробишта да биде соодветно, односно да не се газе кал и да биде пристапно. Третата лента која што се изгради непосредно пред Нова Година ми се чине дека беше, многу брзо пред Нова Година, од Градската Капела, па се до свиокот со Југо Комерц, кај осветлувањето има дел каде што има ровка земја од самото копање и на неколку пообилни врнежи се јави нанос за земја и талог, времено беше веднаш реагирано, исчистено и средено и има потреба од некогашниот влез на Градските Гробишта кој што не е легитимен и е регуларен влез да тука се направе некоеси парапетно, потпорно ѕидче од 30,40 см. не поголемо до 50, по должина од 20 м. и е ставено во обзир и мислам дека ЈП Комуналец тоа ќе го заврши со нејзината градежна група во најбрз можен рок, а нема да биде подоцна од крајот на февруари, така да со тоа таму ќе се реши. Ристо Миов е многу интересно и многу добро што почнуваме веќе да гледаме детали, значи воа се микроменаџирање и детали во делот на урбанизацијата, хигиената и сите работи и тоа е добро вака да ви кажам немаме некои глобални страшни проблеми за решавање. Ристо Миов е релативно нова улица, нова населба. Лазо Асијата улицата е исто така нова, ни година дена од кога е пуштена и таму решенијата со ископот на земјата сегде се шкарпа со шкарпа решени 1:3 нагиб и сега останува на нас после ова зимо да почниме со партерно уредување, односно хортикултурно уредување би дошло на самите тие косини што ги гледате, да се засадат соодветни дрвца, грмушки, зеленило каде што нема

да иде до таа ерозија на површинска земја и да се таложи на самите тротоари, значи немаме недај Боже клизиште ли, одрон ли или таква работа него станува збор за ерозија која што по обилен дожд или нагло врнење се таложи накај тротоарите, точно е и тоа ќе се реши оваа пролет со озеленување на тие површини, нема да биде бетонирање со бетонски ѕидови пошто проектот си е со оззеленување и со тоа ќе се реши 100% тој проблем кој што веќе го има како наталожување на земја на самите тротоари. Во делот на СШУЦ и во делот на медицинската сестра мислам дека и менаџментот на училиштето и раководителот за сектор го бараме како отсек, го бараме како одделение да го имаме за медицинска сестра, немам точна информација дали ќе биде одобрено, нема да биде, условите ги исполнуваме, кадар дека имаме, имаме, предуслови дека имаме, имаме и мислам дека ќе биде многу добра работа, а има и многу заинтересирани деца коишто навршуваат 9-то одделение и се интересираат баш за средно медицинска сестра, да имат стручна спрема, подлога и за понатамошен нивен развој, ќе разговараме со Раководител на Секторот и со Министерството да видиме кои се нивните насоки. Дали би било тоа одобрено во 25-та да се вметне како паралелка, инаку знам дека е преголем интересот и тоа е добро. Во еден момент ни беше укажано дека ќе направиме продукти за извоз готови како медицински сестри. Јас не се согласувам со тоа и мислам дека треба да одвоиме можност и Министерството да ни дозволе за таква паралелка затоа што според тоа јас што го гледам лично и европските и светските критериуми, а еве тука имаме и двајца активни лекари кои што работат, средното медицинско итекако е неопходно да го има во државата, не само во општина Кавадарци, а и да има некаков вид на више средно медицинско или било што и стигниме до фаза на парамедикус кај што цел свет и цела Европа функционира на тој начин и немаме дефицит од лекари специјалисти, специјализанти или општи лекари. Така да мислам дека сме еден чекор напред со размислувањата воопшто во оваа држава за да има медицинска сестра средно и да може понатаки да се направи и некаков отсек за парамедикус пошто верувајте дека за 3, 5 или 7 години ќе нема лекар во санитетско комбе да се каче и да оде на повик кај што може парамедикус да ја заврши таа цела ситуација и

сега има проблеми со таа работа делумно, а тогаш верувам дека ќе бидат поголеми пошто на секој лекар му е развојот пред се, а тоа е знаеме општа медицина, па специјализација, па може и субспецијализација, тоа е негова надоградба која што треба секоједен да се стреме да си ја постигне. Новиот центар, тука станува збор за судот т.н. Нов суд, Младински и Пионерски, ги немаме пуштено на оглас пошто има една мала пречка во Законот за сопственост и давање на правото на користење на пренос, на правото користење за одреден процент, треба да го искристализираме тоа со Транспорт можеби ќе претрпи измени или дополнување самиот закон. Во делот на објектот што требало некогаш да биде Нов суд веќе имавме извршна лицитација лани, имаме нов сопственик и има рок од 4 месеци од купувањето на земјиштето да го сруши самиот објект и да почне за 9 месеци да граде нов, односно извади градежна дозвола и изгради нов објект на самата локација. Немам комуникација со луѓево, од понеделник ќе се слушниме, од тоа што знам, знам дека спремаат заедно со раководителите на Сектор за урбанизам и за комунални дејности проект за рушење, значи мора да го направат проектот за рушење и да видиме во каква фаза ќе оде рушењето, дали ќе оде со делумно минирање на столбови, дали ќе оде класично рушење, а јас ќе инсистирам тоа да биде во месец февруари и март за да не биде во јули или август кога имаме и многу повисоки температури и отворени прозори и врати и населено место, затоа што сепак тука очекувам во тој период додека се руше да има и прашина, да има и бука и сите работи, мислам дека најпогоден период месец март кога има поголема влажност на воздухот и сите работи да се заврше таа еднаш засекогаш постапка и да се отпочне со другата градба. Во овој дел што го спомнавте јас не би останал нем, не би кажал детали, затоа што стварно не ги знам деталите во делот на породилното, односно нашето родилиште во Кавадарци, единствено што знам дека Гевгелија веќе нема родилиште и дека Кавадарци од она што ми е кажано и заеднички што го имаме разговарано и со колегите тука советници и со раководител на сектор и со директорката дека одиме во нагорна линија во делот на породувањата во Општата Болница Кавадарци. Ние треба сите заеднички и како советници и како Градоначалник да бидиме

тука консолидирани во едно, недостатоците да ги исправиме и да го дигниме нивото на Општа Болница и да ги охрабриме луѓето да немаат сомнеж, а притоа има услови за работа, да не се оде по приватни болници и да се даваат по еден куп пари за породување кога сами знаете дека имаме прекрасна болница, луѓе кои што доаѓаат професори и лекари од Гиникологија од Скопје, анестезиолози кои што доаѓаат од Гиникологија Скопје и нема нешто што го немаме во третманот на породувањето, така да тука треба можеби малку пооптимистички сите заеднички да помогниме, пошто знаете колку кошта едно породување на приватно. За жал секоједен сака да си биде, тоа не е за жал, него да си биде безбеден и кога очекува новороденче нема да штеди ни средства, ни пари и бегаат многу по насоки и укажувања на некои или по искажувања на искуство или по маркетинг гледна точка во приватни клиники, немам против приватните клиники и болници ништо, меѓутоа си ја штитам нашата Општа Болница и јавното здравство дека е на ниво и повисоко од некои приватни општи болници за породување, а притоа не трошат луѓето пари и средства за самото породување, пошто породувањето е само еден дел, завршна фаза, до таму има многу да се стигне така да мислам дека требе стварно заеднички да помогниме, пошто оломнани паднавме на 130, 140 породувања во Општата Болница Кавадарци, што е катастрофално ниско ниво, имаме над 320,330 новороденчиња само од општина Кавадарци, башка Неготино, Демир Капија итн. така да над 50, 60% одат по приватни болници. Треба да си ја вратиме довербата во Општа Болница, услови има, менаџмент има, персонал има е сега останува она баш што го спомнавте колективот и меѓусебната соработка кај што најтешко се воспоставува меѓу двајца, а уште потешко меѓу тројца лекари.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам Градоначалник. Мало дополнување околу прашањето на колегата советник за отсекот медицинска сестра при ЗШУЦ Ѓорче Петров од страна на Раководителот на образование при Општина Кавадарци добив информација дека поднесување на апликацијата за барањето, ние како општина сме спремни и јавниот повик на Министерството за образование централен е до 14-ти февруар. Значи во текот на оваа недела ќе се испрате официјално барање

до МОН за одобрување на таа паралелка, една паралелка ќе биде во склоп на ЗШУЦ и имаме непосреден контакт со Министерката за образование Весна Јаневска кадешто од нејзина лична страна со Градоначалникот добивме лична заложба дека ќе се овозможи тој отсек, меѓутоа треба да дојдат од страна на МОН и првите чекори би ги имале во март или април, во однос на тоа дали од први септември 25-та година би почнале како отсек медицинска сестра при ЗШУЦ, така да отприлика за месец дена до два ќе знаеме дали 25-та година би имале таков отсек при нашиот ЗШУЦ.

СОВЕТНИК ЈОВАН ЗЛАТЕВСКИ: Првото прашање ми е пренесување на една забелешка од граѓаните во врска со работењето на такси службите од 24 часот навечер до 5 сабајле, речиси и да нема такси, имаме возрасни луѓе коишто не можат да возат, не можат да идат на пр. до Хитната медицинска помош, за било каква потреба не можат да најдат такси служба. Ако веќе постое некое дежурство да биде достапно која такси служба работе навечер во тој период. Второто советничко прашање се однесува за кровната конструкција на ЈЗУ Центар за јавно здравје Велес ПЕ Кавадарци. Сите знаеме дека кровната конструкција е во многу лоша состојба и кога имаме поголеми дождови нема услови за да се работе таму, а таа ни е многу потребна нас како општина, затоа што и за вакцинирање од грип се развиваше сега и за време на корона кога беше вирусот, вакцините се примаа таму и е од многу големо значење за нашата општина. Тие некои од соседните општини немат, идат кај нас или во Велес. Третото прашање од граѓаните е дали има некои новости во врска со инвеститорот на ФК Тиквеш, прашање до Градоначалникот четврто е исто така во врска со отпочнувањето со работа на Фени, а посебно денеска се зачестија и прашањата кога разбраа дека за еден месец му е прескокната платата што требало да му се даде и таа обеќаната била помала. Наредното прашање ми е во врска со изградбата на новиот Дом за стари лица, со дневен престој, занимална, кој е комплетен инвеститор, дали Здружението на пензионери учествува во инвестицијата и кој ќе стопанисува со него и наредното прашање шесто ми е во врска со развојот на туризмот, денеска имавме и шеста точка на дневен ред за меѓуопштинска

соработка, договор за потпишување меѓуопштинска соработка во делот на туризмот, дали имаме можност ние како Општина да издвојуваме некоја одредена сума на средства од буџетот за да се рекламират на нашите локални телевизии сите туристички потенцијали што ги има нашата општина. Имаме 3 медиуми со фреквенција РТК, КТВ и Радио Галакси да прават по една или две емисии секоја недела и за тие емисии што ќе ги прават нашата Општина да му дава на пр. давам предлог по 20 000 денара месечно или 1000 евра годишно. Тоа не е многу, ама да се направат критериуми кои би биле гости таму, да не се користат тие емисии за политички цели и на тој начин да нон стоп се наведуваат ресурсите што ги имаме од туризмот.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Благодарам советниче за конструктивните прашања, значи првото прашање беше за ГФК Тиквеш, не извини за таксистите. За таксистите значи во соработка со такси превозниците, во соработка со сопствениците на такси превозници одржани се неколку состаноци, донесен е заклучок уште пред 5, 6 месеци и на тој заклучок такси превозниците се обврзани да пуштаат неделен список на дежурства од понеделник до петок, се јавува вакум периодот од понеделник до петок во вечерните часови или во раните утрински да има недостаток на такси превоз. Тој список го пуштаат до Кол Центарот во Општина Кавадарци и Кол Центарот ја има информацијата, така да секој граѓанин ако не може да добие такси во тој период што го збориме од понеделник до петок во раните утрински часови или после полноќ на 13 300 без префикс може да се јаве, може и нашиот оператор да се јаве во таксито да му сврши работа или да мун каже кое такси е слободно и ќе му даде мобилен број за да биде завршена таа услуга која што треба да си ја завршат, а петок, сабота и недела навечер има повеќе и тоа мислам дека е рационално решение за да не прават луѓето трошкови непотребно. Центарот за јавно здравје во Кавадарци за жал не е во Кавадарци, тоа е Центар за јавно здравје Велес, нас ни треба Центар за јавно здравје, ние сме под Велес, подружница, нити имаме надлежност, ниту имаме сопственост, нити имаме ништо, го доведоа во ситуација да им падне кровот на главата и нека им падне, до таму го доведоа. Они зимаат брисови микробиолошки, санитарни книшки вадат за

луѓе, а тече вода од кровот. Мислам дека треба посериозно Центарот за јавно здравје да си ја фате таа работа, дали тоа спаѓа под Министерството за здравство или независни се незнам, али знам дека е под Велес. Јас го поканувам директорот или директорката кога е слободен или слободна, не знам дали е директорка или директор да дојде во Општина Кавадарци, нашето седиште е тука, достапен сум отворен сум, да разговараме за се што може Општина Кавадарци да помогне и за се што може за да може Центарот за јавно здравје да функционира нормално, имајќи го општина Кавадарци, еднаш сум контактиран преку трето лице за средба, не оствариме средба, не знам од која причина, можеби јас сум бил презафатен, али еве јавно повикувам така да наредната недела нека се обрате и нека ми биде и гостин во Општина Кавадарци и да видиме што можиме ние како Општина и општествено одговорно и како Општина помогниме да тоа функционира и тие луѓе таму што завршиле факултети и образование да имаат соодветни услови за работа, така да стојам на располагање. Тиквеш како ФК е во добра финансиска кондиција во моментот, исплатени плати за јануари, декември, не долже плати, немаме долг некој посебен према никој, го чекаме ваучерот во март да ни стигне, имавме потенцијални инвеститори од Турција, еден, двајца, тројца, меѓутоа кога ќе дојде до реализација исчезнуваат магично, неколку пати така, така да не се радувам воопшто и не се надевам на нешто кое што е шпекулација или е на некој начин луѓе кои што биле некогаш во спортот, во фудбалот или сакат пак да бидат во фудбалот, сакат да имат влијание и од други побудни причини да земат фудбалски клуб, којшто би го менацирале со условно кажано местење утакмици, со продажба на фудбалери, односно со профит кој што би бил личен интерес. Ја не би дозволил нашиот ГФК кој што е од 1930 година да биде дел од таква игра или да влезе некој коинвеститор или инвеститор кој што би го правел во тие насоки, така да мислам дека немаме легитимно право да го направиме тоа како раководство затоа што тој клуб е градски клуб и ќе продолже да функционира и со Господ напред сеа од сабота, еве утре иаме последна пријателска со Брера, може слободно да си ја ставите 3:0 дека ќе победиме и ќе

видете во ваа втора сезона шо кадар донесиме, какви професионалци и како ќе движиме. Губење нема.
Првата сезона фудбалска играеме на стативи и на пречки, грешка разбрале менаџментот мислеле стативите се бројат, сега ќе играеме само на голеви. Значи реално кажано, прва сезона немаме никаква среќа, од тоа немање среќа, а и игра и иницијатива да и шанси да и од еден корумпиран судија, кој што легна да умира на стадионот беме казнети 6 кола да играеме надвор од дома, со демотивација комплетна и мислам дека чувствата и мои и ваши и нашите сограѓани и на симпатизерите на фудбалот и на фудбалерите беа максимално повредени. Да игриш шест кола надвор у Кичево, у Струга, Битола. Зошто. Затоа што некој го погодиле со шише од вода по малото првче у 92-ра минута, на поништен гол, мислам, да не се враќаме назад, напред да одиме, еве ново раководство има ФФМ, верувам дека таквите луѓе нема да бидат веќе пуштени на терен такви циркуси како што го направија во Општина Кавадарци. Фени го спомнавте, точно е, вчера, односно денеска се исплатени со приоритет од стечајната маса три бруто плати на вработените кои што беа во тој период вработени во Фени. Тоа е негде дел 23-та и 24-та година, сами знаете и сметководител сте дека од првиот ден го збориме истото, дека приоритет при исплатата од бруто средствата кои се надминат од купопродажбата на стечајниот должник ќе имаат прво трите бруто плати на вработените, четвртата бруто плата влегува во вкупна маса на стечајот, така да 110 000 000 денари денеска легнуваат на сметки на наши сограѓани, отприлика 859, 900 на број кои што беа, кои што за жал чесно, поштено си сработиле година дена после стечај еве ги добиваат тија средства и очекувам тука лично да продолже ваквата позитивна тенденција, а поготово рестарт и почнување со работа на самиот комбинат. Од тоа што го имам како информации е дека главната компанија ги има завршено купопродажните договори со рудниците и дека се очекува, ај како да го кажиме низок старт за отпочеток, односно да се почне со транспорт на репроматеријал, на руда и да се почне со производство.
Топилницата од тоа што го знаеме е во добра кондиција, со репро материјал набавен за наредната година дена да функционира, се

чека руда и дозвола од менаџментот за производство, знаете дека 160-тина вработени одат на работа, дека зимат бруто плата редовно и сите тие работи, дека ја одржаваат печката на 5,6 mw 7 и дека и тоа ги кошта уште 1,5 000 000 евра месечно како трошок и ја очекувам негде март, април да почнат конечно со работа, а после други проблеми кои што ги имаме наталожено и сме разговарале со многу здруженија, сте биле и вие дел од некои разговори да гледаме и тие да ги изменаџираме за да не бидат оштетени максимално некои луѓе кои што ете за жал стигнале во таква ситуација. Домот за стари лица, одлуката на Влада мислам дека е во фаза на поминат Генерален Секретаријат и економски прашања и дека треба да се врате назад за труд и штом се врати, да се тендерира веќе изградбата на Старечкиот Дом, конечно, финално проектот е одобрен од сите институции и од сите комисии кои што ги има Министерството за труд. 57 легла финално, 154 000 000 ревидирана пресметка. Беше 180, па падна на 154 000 000 денари и средствата се обезбедени, само се чека одлуката на Влада за информацијата која што ја пуштаме од Министерството за труд да се врати назад и да се тендерира, ја очекувам таму здрави, живи во месец, ајде да не бидам многу оптимист, ако не мај јуни да се ставе камен темелник на тој Дом и да се изграде во најбрз можен рок. Инвеститор Министерството за труд, а сопственик Општина Кавадарци, значи градиме општински Старечки Дом. Кој ќе менаџира.Општина Кавадарци при формирање на јавна институција. Да, како што е секоја друга, значи воа нема да биде ЈП, туку ќе биде јавна институција со блок дотации на вработени, на персонал и со нормално прибирање на средства од сместувачките капацитети, по закон и по прописи како што е упишано, значи општински Дом ќе биде буквално и ќе стопанисува, пак ќе кажам ЈП. Во другиот дел парцелата каде што ја делевме, заедно со здружението на пензионери, завчера потпишав договор со одлука на Влада, каде што Владата даде согласност за дел од парцелата која што урбанистички ја поделивме да го пренесиме правото на градење на Здружението на пензионери Кавадарци, потпишан е договорот, мислам дека проектот му е готов, треба да си аплицират во Општина Кавадарци, да си платат комуналии и да си отпочнат со градење, таму ќе биде тој дел што го споменавте, за рекреација, за

дружење, за спорт, дневен престој и ред други работи, значи тоа се малтене два објекта еден до друг, кои што ги знаете локациите и таму постапката е целосно завршена. Сега на повидок се они да си аплицираат во системот за дозвола за градење. Туризмот. Општина Кавадарци во делот на туризмот има доста ресурси, има потенцијал, она што го споменавте и кажавте заедно со медиумите за жал законски ни по еден основ нема да може да го направиме пошто прво од тука ќе почнеме да се критикуваме, после па од надвор, па кој бил во емисија, па како било, па воа споменал па воа кажал и ред друго. Ние максимално ги подржуваме нашите локални медиуми и како Општина и како ЈП-ја и како ФК или како РК, па еве 128 некое салдо кое го должиме на РК, а они за тоа ни вршат услуга, ги снимат утакмиците, натпреварите, сите работи. Ја би повикал една работа кај што треба повеќе и советниците, па еве нека биде и јас како Градоначалник, меѓутоа и спортските работници, менаџменти, да бидат попроактивни медиумски и попроактивни да бидат во делот на спортот и во делот на културата, имаме директор на Дом на култура, имаме директор на Локален Музеј, имаме директор на Регионален Вински Музеј. Тие се тие коишто треба вас да ве застапуват, да прават програми и да бидат попроактивни во јавноста. Нормално сега имаме технологија и техника за рекламирање и достапност во секунда, со социјални мрежи би ги рекол фесбук страници, веб страници и ред друго и нормално со медиумите кои што ги имаме на територијата на општина Кавадарци, да се тоа што го имаме ни како општина и туристички, меѓутоа и продукти кои што ги поседува Општината го застапуваме. Општина Кавадарци одобри проект на т.н. времен пазар у новиот центар, кој што е со намена пазар 300 000 евра од новите средства што се зимат од Влада, проектот е за 24 објекти со по 20 до 30 квадрати кај што ќе биде изградено и ставено во функција био пазар или органски пазар и секој оној што произведува органска храна ќе има право со тарифник, со Правилник при ЈП Комуналец, веројатно ќе го дадиме на него, нема да отвараме ново јавно, да си изнајме објект и да си ги продава неговите органски продукти, споменавме и прошлиот пат, дали тоа ќе биде путер од ораи , од мигдали, дали ќе бидат рцели, дали ќе биде маџун, дали ќе биде вино или ред

друго, кое што стварно го имаме тука во општина Кавадарци. Значи тој органски пазар ќе профункционира најдоцна до септември треба да биде готов и да го имаме како таков, винотеките се во функција, 60 велосипеди добиме преку Австриска Амбасада донација, велосипедите ќе ги ставиме во функција за 20 дена до Туристичкото Информативно Биро, преку Превоз ќе го задолжиме, Превоз ќе ги издава велосипедите на гости, на наши сограѓани, само да биде полнолетен човек , со лична карта бесплатно, дај Боже еве да постигниме, еве денеска си на плоштадот, даваш лична карта, дај велосипедот да одам да се изрекреирам или да свршам работа или да се прошетам или пак дошол некој гостин од страна, значи да овозможиме услови коишто треба да ги подигниме на повисоко ниво, а за повисоките гранки на туризам и развој токму е тоа што го зборевме пређеска и со Круме, ако не овозможиме инфраструктура од повеќе страни, од повеќе линии и бидиме слепо црево, ние многу тешко туристички ќе се поткрениме. Сега само еден предлог еве или една замисла. Замислете патот од Демир Капија е пуштен и до Барово е направен или до Крњево, за 7 км. од Демир Капија стига до Крњево така или 9, а од таму до Скијачкиот Центар има уште 7, буквално главна артерија имаш со тоа, природно за движење и тој пат е јас колку што имам информација уште од Прва Светска Војна како пат постое, само ни треба да го адаптираме според сегашните услови, тогаш оделе со магариња и коњи, сега ни одиме со коли, да го асфалтираме, да го оспособиме, нема да правиме магистрален пат, правиме пат кој што ќе биде за движење.

СОВЕТНИЧКА ВАЛЕНТИНА БАЊАНСКА: Благодарам Претседателе. Јас имам две прашања. Првото прашање ми е до каде е проектот за осветлување и реконструкција на кулата, кај Паркот Полана. Ова нешто беше обеќано на претходните седници од претходната година, така што ми интересира до каде е со тој проект и второто прашање се однесува на новиот парк во склопот на ЗШУЦ Ѓорче Петров, дали куќите што се во склопот на самиот парк, Општина Кавадарци има некое решение да ги дислоцира и да им се понуди друго станбено решение или тие куќи остануваат таму за тие жители.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Благодарам Советничке за конструктивните прашања. Значи во делот на кулата се изработи проект преку

Музејот, проектот е за реставација, заштита, осветлување и партерно уредување за самата кула. Го имаме аплицирано во неколку амбасади и чекаме повратен одговор за негово кофинансирање и финансирање, кај што мислам дека голем интерес пројавија во тој дел и дека ќе успееме да добиеме некои средства, доколку не успееме ќе си буџетираме или ребалансираме со првата можност. Поголемото прашање таму е за дислокација и за рушење на тие дрвените бараки, кои се во сопственост дел на Министерството за земјоделие, дел на Инспекторатот, дел на Агенција за храна и ветеринарство. Имавме многу конструктивен предлог, пошто они само многу мал дел користат од тој објект, да тие три канцеларии ги преселиме во зградата на Водостопанство која што е на сам центар и горниот кат е празен, дури Општината во тој момент се понуди и пак стоиме позади тоа, верувам дека ќе го подржите да му ги оспособиме канцелариите внатрешно со хх сума која што би коштала, да они со сето тоа потпишеме трипарцителен договор, го дадиме на Влада и Влада го прифати како таков, а ние после тоа си донесиме Решение за рушењње на бараките и се пристапе кон партерно уредување, оформување на тој простор и еден културен објект кој што е од големо значење, а е запоставен и верувам дека овие млади деца денешни, кои што стануваат полнолетни знаат дека има кула и дека имало таму не знам ред други активности што е голем дел во тој дел да се заштити, да се реставрира и да институционално го решиме овој проблем. Јас тука ќе се потрудам, еве пак ќе повторам и со нашите пратеници да ова генерално го застапуват, пошто тие се тие кои што треба да излобираат и меѓу тие 3 институции или 4 се постигне ваков договор, кој што нема да биде на штета на никој, а притоа се оспособат и подобри услови за нас и за нив и функционално за самата кула во Општина Кавадарци. Новиот парк во понеделник на колегиум е дискутиран е во завршна фаза и кејот, кој што ќе се спои со Видео Смилевски и тогаш ќе се догради и оној дел од кејот накај Шумарското Училиште, веќе партерно, он е горе, доле среден, асфалтирани се двете игралишта, среден е паркингот, осветлувањето, делумно клупи, детски игралишта се поставени, гумена подлога, сега ќе се пристапи кон озеленување, оплеменување, комплетно се и намерно изградивме ѕид со

бетонски блокови, кој што не овозможува на луѓето кои што сега се останати уште 6, 7 куќи или 8 од вкупно 30-тина, кои што претходно ги рушивме и дислоциравме. Тие луѓе таму претежно се староседелци у предниот дел, кои живеат повеќе од 30 години на таа локација и се цивилизирани, социјализирани луѓе кои што генерално немаме никакви проблеми со нив и затоа е направен ѕидот да паркот биде одвоен и кејот од самата населбичка или населба како сакаш кажи да нема контакти едно со друго. Во иднина доколку имаме подобри предлози и услови и финансиски средства би му понудиле за да они се вклопат во некоја друга локација, тоа е зеленило и тоа би било добро да се доплемене, да се направе, али сепак тука добиваме повеќе од 20 000-тина м2 зелена површина, парк со рекреативни содржини и спортски содржини, кои што мислам дека е од големо значење за цела урбана заедница Страшо Пинџур, меѓутоа и за цела Општина Кавадарци, а и сами знаете и како жители и како советници и како беше пред 3 години, 4 кога имавме проблеми со одење на деца во училиште, деца во градинка, со кривични пријави, со прекршочни пријави, секојдневно со хулиганство и со сите работи кои што не викам дека е во целост решено, али во 95% е намалено и решено во делот на некогашно Тенеќе Маало. Значи Тенеќе Маало не постое веќе како Тенеќе Маало и Мислам дека тоа со градењето на кејот, со завршување на паркот, со градењето на колекторот сега од другата страна накај што, еве сега замислите на Видео Смилевски 4-те дуќани што ги имаме од десната страна после мостот 35 години се изградени, 40, до ден денеска не имале канализација. 21-ви век. Не ни имале канализација, сега правиме приклучок за нив, од кога се направи кејот се увиди дека они биле приклучени во самата река. Сега правиме приклучок за нив, корекција и цел атмосферски колектор ќе го реконструираме до Северен Булевар и на Ѓорѓи Соколов населбата ќе се асфалтират уште две, три сервисни улици околу самите згради и околу самата населба и ќе се изграде и потпорен ѕид веднаш под кружниот тек кај што има две, три куќи кои се подложни и ударни на атмосферски води и неколку пати беа делумно поплавени, така да мислам дека ќе дојде една од најубавите населби и најубавиот дел од Општина Кавадарци.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Почитувани советници со оглед на тоа што имаме уште тројца кандидати тоа Вуко, Пере и Горан јас предлагам да направиме кратка пауза од 10 минути. Почитувани колеги продолжуваме со советничките прашања. Значи уште тројца пријавени колеги советници. Тоа е колегата Вуко, Пере и Горан. Вуко ти си на ред повели.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Почитувани колеги јас имам неколку прашања. Првото прашање во врска со компанијата Фени, начна дел советникот Јован Златевски, меѓутоа сакам малце да ја проширам таа работа, се со цел да добиеме подетална информација во однос на состојбата во која што се наоѓа самата компанија. Имено од страна на вработените во компанијата Фени ми е сугерирано дека една плата е исплатена помаце и тоа првата плата, октомвриската. Дали имаме информација зошто баш логички би било да се исплаќа редоследно по рок на доспевање платата, зошто баш октомвриската плата е оставена да не е исплатена од страна на компанијата, односно од страна на стечајната маса на вработените. Зошто на вработените им се исплаќаат пониски финансиски средства од тоа што им било првично ветувано и кажано. Што се планира со исплатата на платите на лицата пожарникари и обезбедување кои што работат во самата компанија, кои што се осигурани во сестра фирма на компанијата. Станува збор за 50 лица кои што јас имам информација дека ниту една плата не им е исплатена и до каде е делот со исплатата на транспортерите и останатите деловни субјекти кои што исто така вложиле сериозни финансиски средства, купиле превозни средства, правеле транспорт, платиле плати, на крај им беше наметната и обврската за горивото и на крај остануваат во една неизвесна да кажам ситуација дали би им се наплатиле овие побарувања и последно во однос на оваа точка би ме интересирало бидејќи беше најавувано дека досега сите овие работи ќе бидат завршени, дека компанијата ќе почне да работи во полн капацитет, дали имаме информација во каков капацитет работи компанијата и кога можеме да очекуваме да имаме враќање на сите вработени, кои што беа во компанијата, односно кога ќе имаме почеток во целосен капацитет на работа на Фени. Тоа е првото мое

прашање. Второто мое прашање, ќе се осврнам на теми кои што се од клучно значење на граѓаните и најдиректно ги погодуваат семејните буџети, односно семејните приходи на граѓаните. Имено пред 2, 3 години се сеќаваме дека цел свет се соочуваше со енергетска криза и со високи цени на берзите за увоз на ел. енергија и тогаш од страна на тогашната опозиција, а денешна власт беше критикувано дека цената е превисока, дека треба да се превземат одредени мерки за истата да се намали и бидејќи сериозен дел од приходот на граѓаните одеше на овој трошок, тогаш се донесе една мерка за субвенционира цена на ел. енергија каде што негде 70 до 80 % од сметките за ел. енергија на граѓаните им беа субвенционирани од страна на Владата, една ми се чини од првите одлуки коишто ги донесе новата власт е укинувањето на оваа субвенција. Ме интересира ваш став и ме интересира дали ние као Совет имаме можност да изградиме заеднички став во однос на оваа работа и да као едно тело Совет заедно со Градоначалник да испратиме заклучок, петиција, барање до страна на Владата да превземат одредени мерки, се со цел да се помогне на граѓаните. Свесни сме дека голем дел од граѓаните посебно за декмври и за јануари се соочуваат со повисоки сметки и тоа за 20, 30 % кои што сметам дека е директно резултат, односно исход заради укинатата одлука за субвенционирање на ел. енергија од страна на Владата и третото прашање кое што сакам да го поставам. Кавадарци е работнички град, град во кој што најголем дел од населението својата егзистенција си ја вади преку работа, преку труд, односно преку плата. Во изминатава недела гледаме дека постојат одредени разговори помеѓу Владата, синдикатите, бизнис коморите. Идејата на тие раговори е утврдување на нова минимална плата. Од она што можеме да го слушниме од страна на Владата е дека наместо да се фокусираат на зголемување на минималната плата и продолжување на политиката за раст на платите на претходната власт, едноставно ќе пробуваат да преку промена на синдикалните кошнички, преку промена на методологија, статистички да не убедуваат дека живееме во суштина подобро и побогато, а во суштина живееме се посиромашно, само за споредба, сите се соочуваме со високи цени на храна, на ел. енергија, мерките кои што ги превзема Владата во дел на

кошнички есенски, новогодишни и какви други кошнички донеси Владата , не дадоа резултат, за 3000 денари е зголемена синдикалната кошничка, а само за 60 денари е зголемена минималната плата, односно имаме намалување на животниот стандард на граѓаните во 7 месеци, бидејќи спомнав дека Кавадарци е работнички град и голем дел од граѓаните заработуваат, односно живеат од плата, голем дел од граѓаните посебно во оние трудоинтензивни индустрии живеат, односно се директно под влијание на минимална плата, дали ние исто како за претходното прашање можеме да изградиме заеднички став као Совет, као Градоначалник и истиот тој наш став да го испратиме до Владата и до надлежните министерства во однос на оваа работа, бидејќи имаме најниска минимална плата во целиот регион и сметам дека со 22 500 денари, со овој тренд на одење нагоре на трошоците мислам дека не треба да ги оставиме граѓаните на цедило сами.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Благодарам Советниче. Сега тука баш би кажал да, конструктивни се темите, меѓутоа не се локални и не се баш во делот на ингеренции и надлежност на Локална Самоуправа, на Градоначалник итн. Сите три прашања скоро ви се слични или исти, али еве ќе се потрудам да ги елаборирам и да се сконцентрирам да ви одговорам, пошто одговорот нема да биде одговор, ќе биде како што ги поставивте делумна дебата, затоа што така беа и поставени. Прво добро е што изразувате како политичка партија став и како човек за загриженост за граѓаните, коишто до вчера ги водевте 7 години како централна власт и веројатно амбициите и вашите критериуми се дека сте спремни пак да се вратите назад за да ги водите, значи ќе кажат граѓаните. Во делот со Фени елаборирав кажав се, се работе по закон и по прописи и ја само цитирам и кажувам тоа што е закон, во приоритетна исплата влегуваат трите последни плати . И тоа е направено и сторено . Четвртата плата влегува во бруто стечајната маса. Во делот под фирма, над фирма, до фирма не знам обезбедување, пожарникари итн. каде биле осигурани и која фирма била тоа треба ви да знаете, во ваше време беше. Во делот на транспарентноста, на оценувањето, на транспортерите, на граѓаните и на се она што претставува општество сега од денешна гледна точка на ова ваше прашање и загриженост

немате никаков легитимитет. Еуроникел која што беше претходно сопственик на топлилницата беше формирана со 5000 евра капитал и беше мал субјект предводен од Регионална Дирекција Прилеп. Катастрофа. 2022 неподнесена завршна сметка. Никој не реагирал од УЈП. 2023. Грешна поднесена завршна сметка. 2023 се праве контрола, се наоѓа непријавен данок на добивка од 20 000 000 евра и вие како тогашна централна власт допринесувате да го потисните Еуроникел што побрзо во стечај, со тоа што го задолживте 2 000 000 евра да плате данок на добивка, наместо да му го вратат ДДВ-то, а со тоа тогаш се исплатат вработените си наплативте ко држава 2 000 000 евра и успеавте да помогните побрз стечај за Фени. Економски за минималната плата, тоа е цел систем на државата, вие само зборувате Минимална плата, минимална плата. Тоа е популизам. Ние може минималната плата да ја направиме и 2000 евра, дали е реално, дали е одржливо и дали се содејствува со реалната економска финансиска ситуација и социјала во државата. Кога го пумпаш балонот од една страна, а од друга страна го дишиш успех нема. Успеавте за вчера Уставен Суд да ја укине одлуката за солидарен данок 50 000 000 евра да му ги земете на фирмите, ги позајмивте за да си поиграете со тие пари. Сега треба ваа Влада 50 000 000 евра да ги врати. Катастрофално. Единствено што успеавте недела да го прогласите за неработен ден, мол да отворите. Толку. Во делот на економијата и тимот кој што претходно водел 7 години на чело со СДСМ, видовме како предводел. Не сакам да испаднам од име на Градоначалник да мислиш дека сега јас централната наша матична партија ВМРО ДПМНЕ која што сега раководи со државата и тоа што го проповеда и кажува 3 години уназад дека сега ја ќе го прераскажам. Не. Успеавте дури да воде со државата, да рекетира и на крајот да ги испуштиме и преку граница и без кривична и директор на Лотарија и Вице Премиер кој што го штитеше нашата држава со обезбедување, со државна кола, со државни пари, играјќи си кошарка, фудбалче, па на крајот и пред новинарите вика и врска и чорапите иста боја ми се, дури и ароганција пројавувате пред македонскиот народ, иритирачки до таа фаза да полудат и сето тоа немо, немо, немо стигна до таму каде што стигна. Во функционирањето на економијата и во

субвенциите, целта на владението беше само да потрошите повеќе пари, да се направат повеќе бизниси, врз основа на тоа веројатно да се поделе поголем процент. Наместо 35 000 000 евра од ЕЛЕМ и МЕПСО што ги поделивте за клими да си купат луѓето или алтернативни грејни тела и тоа за одредени градови Скопје, Струмица, Битола, да ги вложите во енергетиката 35 000 000 евра и сега бидат 70, ка ни што го направивме со хидроцентралите, ви давате субвенции за грејни тела, на поединци. Во тој дел 35 000 000 евра МЕПСО и ЕЛЕМ ги даде субвенционирање, е сега од таму доаѓа и скапата струја, затоа што не сте инвестирале доволно во енергетика. Субвенционирање на ел. енергија е замајување на јавноста и давање на ветер во грб, дали тоа е предизборно, дали е тоа популистички , дали е тоа било како. Нема денеска без пари ништо. Да. Демократија еднаква за сите, социјалните категории се социјални категории, има закон, има устав што е социјална категорија и се знае кој во која тарифа спаѓа на потрошување на ел. енергија . Ако ме прашаш лично дали е скапа ел. енергија во Македонија со оглед на околните земји и не е така скапа со исклучок на Босна и Херцеговина, кај што има суфицит на ел. енергија и таму е 18 евра на mw/h. Најголемиот криминал кој што го опростивте од 35 000 000 евра е таму каде што дозволивте одредени компании, а ги има и во Кавадарци и во цела Македонија високопрофитабилни да не ги санкционирате, да се вклопат во законот за мали претпријатија до 50 вработени или до 3 000 000 евра turn over и да влезат на регулиран пазар со 200 евра струја, кога беше 500 евра m/w. 35 000 евра има директно оштетување на буџетот. Ги амнестиравте. Потсети се, ќе видиш дека ги амнестиравте. Дупка во законот остаивте. Барав да се прошире и да се регулира со закон. Не го направив ја тоа со мојата компанија, имав можност да го направам и да крадам од државата не дај Боже. 35 000 000 евра дупка. 35 клими. 35 дупка украдени. 50 000 000 солидарен данок. 120 000 000 евра. Толку недомаќинско работење Вуко. Швајцарија да беме ќе пропаднеше. Значи толку сме биле во заблуда и добро маркетиншки сте се поставувале се додека не се обеличи нешто кое што денеска го гледаме. Па вашиот директор на служби за заеднички работи од Владата колата ја украдил бе. Си ја паркирал дома, си ја препишал на негово име . Мислам го

слушаме денеска тоа од медиумите, го гледаме. Не знам зошто вака како партија дозволувате да такви личности ги браните или стоите позади нив. Никој не сакам предвреме да го осудам, го кажувам тоа што во јавноста е излезено. Затоа е говорницата. Кај да зборуваме. Дома. Затоа е говорницата. Ел. енергија е енергенс кој што е неопходен за функционирање на едно општество и на бизнисот и на семејство и на било што. Државата треба да има долгорочен стратешки план за ел. енергија, а дека некој ќе ни ја плате ел. енергија во наше име се лажиме. Така да во делот на субвенции она што го споменавте како став тука сега јас гарантирам дека од 19 советници 25 ќе гласат да, да дајме субвенции за ел. енергија. Кој ќе рече не. Дали е тоа реално и дали е возможно и на кој начин тоа да се изведе. Значи тука сме еве единствени, сите сме за, никаков проблем нема. Во делот на минималната плата сите сме за. Какви бе 22, 45 нека биде минималецот, ама да не дојдиме за 4 месеци или 5 да неаме пари ни за пензионерите . Знам ја и у Грција колку е и у Косово и секаде. 900. Повисока е. Ама не можеме да с е споредуваме така. И сега само вака. Ни живееме во Македонија, не живееме во Косово, не живееме никаде на друго место.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Значи јас Градоначалник ќе морам да реагирам. Советничките прљашања нема да ги дозволувам да бидат дебата, може да седиме во кафана, може да седиме и да си водиме дијалог, бидејќи не слуша јавоста ве мола држете се стриктно до прашањето, а колегата советник ве мола без дофрлања од место. Прашањата се поставија, колку за ваша информација се одговарат, потоа советникот може да биде задоволен или незадоволен од самото прашање, а деловнички нема можност на советничко прашање да се реплицира.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Затоа Претседателе на самиот почеток од одговорот на прашањата реков ќе се потрудам да ги класифицирам како одговори, пошто што би одговорил ја на прашање да ја покачиме минималната плата. Да ја покачиме. Толку од одговорот така. Не би рекол не. Само еден пример 2017 први ноември станувам Градоначалник со мандат во Општина Кавадарци, во ЈП Комуналец вработени 265 лица. 2025 уште сум Градоначалник вработени во ЈП 310 лица со плус 3 одделенија градежна група итн. Еве колешката вика 330, нека се 330, нека

се повеќе, колку се ајде воа не бројка, дај ве молам да бидеме конструктивни. 6,5 000 000 денара беше бруто плата на ЈП Комуналец 2017 година ноември и декември 2017 јануари, денеска 19,5 000 000. Кој ќе го издрже бе воа луѓе. Кој ќе го издрже воа кажи ми. Исто се случува и во Шумско Стопанство. Исто се случува и во Водостопанство. Исто се случува и секаде. Секој дефицит и инфлација ние го го претвараме во покачување на плата. Нема тоа лек за таа работа. Значи економијата е наука, што треба кругот да го затвориш. Ти мене и да ми дадиш 40 000 нето плата, ако не вредат средствата и секогаш сум кажал пластично. Ако двајца сопружници одат на работа и си ја работат својата обврска и створат семејство и зимат двајцата плата регуларна и од први до први не можат да се преранат или да си ги завршат сметките не е проблем во народот, проблем е во државата. Значи на таков проблем дојдиме. Така да, па така е Претседателе. Што треба да направат тие луѓе повеќе, одат на работа чесно, поштено работат и со нивните примања не можат од први до први да си ги завршат сметките или обврските према семејството. Глобален ни е проблемот, седумгодишен наталожен мислам дека ќе треба време да се реше. Еве и пред тоа 11 години и пред тоа 10 и пред тоа 20. Дај да го решиме луѓе., да го решиме, а најмалку можеме ни од тука да го решиме. Гледај ја позитивната страна. Во месец јануари 4000 м. асфалтирано, активно сите градежни групи, патеката се работе до Глишиќ, Марена, спортски игралишта се отварат, базенот се праве, спортски сали се прават, патот за Ресава се работе, за Дабниште се работе, за Чемерско се работе. Експанзија. Дури и самиот на себе не си верувам како успеаме воа сето да го ставиме во функција, да функционира, од Јавен Превоз, до храна за дете и среќа имаме и ксмет и не бива и биди дел од тоа бе, приклучи се на убавото бе. Ако не знајш тоа оро, почекај го другото. Свадба е воа. Си тера.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: По член 51 вика По добивањето на одговор Претседавачот е должен да го праша членот на Советот што го поставил прашањето дали е задоволен од добиениот и дали има дополнително прашање. Тоа е.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Морам да елаборирам и на крајот да кажам дали имам дополнително прашање и дали сум задоволен

или не. Тоа е по Деловник. Така е и во Собрание. После пратеничко прашање излева пратеникот, вика не сум задоволен, дава елаборации и вика имам дополнително прашање тоа и тоа. Ќе почнам од крајот Градоначалник. Единствената инвестиција ваша пошо јас не зборував политички, вас ви е најлесно се што е проблем у државата префрлите на некој друг. Единствената инвестиција во енергетиката во 10 години се МХЕЦ-ите на вашиот Претседател на партија, друга инвестиција немате у дел на енергетика, барем ја незнам. Во периоди на светска енергетска криза вие баравте да се прошири опфатот на компании за да добиете вие као компании повторно пониски цени на струја и баравте тој обем да се прошири на поголемите компании и денеска излегувате тука и кажувате и пеете друга песна. Ние имавме субвенционирана цена на ел. енергија 80% на сметките кои што ги добиваа граѓаните и затоа во периоди, сега на пример на Купекс се 120, 130 до 230 стига во месец јануари, тогаш стигаше до 800, 900 mw., а сега имаме повисоки сметки за ел. енергија во однос на тогаш, заради тоа што првата одлука која што ја донесовте као Влада беше да се укине таа субвенција и прашањето беше многу конкретно. Дали ние као Совет, као Градоначалник можеме да донесеме став и да извршиме притисок према централната власт. Можеме или не можеме. Ако не ви е лагодно сега тоа да го правите, тоа е веќе друга работа, иначе Швајцарија ја користеше еден период во инаков контекст, во позитивен контекст, не знам дали се сеќаваш на твоја изјава велиш на седница на Совет на Општина Кавадарци Кешки да сме сите Зоран Заев, Македонија ќе биде Швајцарија. Сега се смени власта друга песна почнуваш да пејш. Во однос на минималната плата јас знам дека вие доаѓате од бизнис секторот и дека вие сте наклонети кон таа страна и често пати вашата аргументација ко бизнис сектор е дека треба да го издржите овоа ниво на покачување на плати, а не кажувате од друга страна, на пр. одредени параметри економски кои што покажуваат колкава е класната разлика, колкава е распределбата на доходот во Македонија, колкав дел оди за профити на компании, колкав дел оди за плати на работници. Кога ќе им ги кажете тие работи на граѓаните, верувам дека сета ваша аргументација ќе падне во вода. ЃИ индексот со кој

што се мери класната разлика у Македонија е 40. Знаете што значи 40 ЃИ индекс, тоа е исто ко температура да имате 40. Распределба на приход, компании 2, работници, 1, 2:1 е распределбата на доходот на компаниите и на работниците. Како тоа немате финансиски средства за да ја издржите минималната плата. Јас се согласувам за оние мали компании и за тие мали компании може државата да си најдат мерка, начин и методологија на период на усогласување, со државна субвенција, да можат тие компании во тој период на прилагодување, кога имаме зголемување на плата да дел од придонеси и дел од плати им субвенционира. Има начини, има решенија. Проблемот ваш е што сакате да ги браните интересите на коморите и на бизнис секторот. Оваа Влада сака да ги брани интересите на коморите и на бизнис секторот, а не интересите на работниците. Солидарниот данок, не сакам да коментирам судски одлуки, меѓутоа вчерашната одлука е срамна. Срамна одлука. Солидарен данок има насегде во Европа. Ниту еднаш, во ниедна земја досега не е укинат. Прогуглете, прочешлате малце по интернет. Тоа е за оние екста профити кои што ги правеле најголемите компании во периоди на криза, се со цел да може да се води добра социјална политика у дел на плати, во дел на субвенција за струја, во дел на слично, затоа се потрошени тие пари. Во однос на ДУИ вие сте браќа со ДУИ 10 години, ти лично брат со ДУИ, со голем дел на функционери на ДУИ си многу близок. Овие нечесните велиш ви избегаа, а забораваш дека ВМРО ДПМНЕ е власт колку, 8 месеци. Дали ви избега, дали го пуштивте тоа е работа која што треба сами да си ја расчистите внатре. 2017 година кога станува збор за Фени, 2017 година исто така компанијата се соочи њсо стечај, тогаш ВМРО ДПМНЕ беше опозиција, СДСМ беше власт, ние не дојдовме во Кавадарци да велиме вие сте криви, вие го пропаднавте, решавате си сега вие проблемот, не сте вие легитимни да зборувате за таа работа, седните и да го решиме, компанијата функционираше временски период, за жал повторно се случи истата работа. 2014 и 2015 година не знам дали сте информиран не е поднесена завршна сметка. Таму имаше одредени истражувања и одреден затаен данок во многу поголем износ во тој временски период. Имаше соодветни пријави. Јас не сум нит обвинител, нит судија

за да можам да процесуирам како се вели одредена работа. Во однос на данокот. Данокот кога имате даночен долг и даночно побарување по различни основи данок на добивка, данок на додадена вредност, Управата за јавни приходи не ви го враќа данокот ако имате долг, туку прави пребивање. Имате приватна фирма и го знаете тоа и е незаконски да го врати тој износ на данок и не е човечки да барате од некој намерно да го прекрши законот, па после да излезете исто на оваа говорница и да кажувате зошто го вративте данокот, кај се тие пари и сл. Значи има одредени работи кои што се косат со закон и граѓаните ги интересира оваа работа и власта сте веќе 8,9 месеци треба да завршете со тоа опозиционо делување и да си ја превземете работата на сопствен терет, да вие ги решавате проблемите. Не сум задоволен од одговорот и неам дополнителни прашања.

СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: Очигледно гледам дека за СДСМ започнала кампањата за локалните избори, ама рано ви е, да не прегорите многу. Не издржуват. Градоначални едно прашање од жителите кои што гравитираат накај Овчка Река кога се планира да се отпочне со патот за Дисан и дали на тој потег е планирано да се воспостави мрежа за вода за околните викендици кои што таму имаат, а веќе неколку луѓе планираат таму да инвестираат и во мали винарии, каде што Овчка Река ни е еден, односно место викано Белград е едно од местата каде што стое дека се зачетоците на лозарството во Тиквешијата.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Благодарам советниче за конструктивното прашање. Во надлежност и во рамки на законот и ингеренциите на Општина Кавадарци нас т.н. месност Белград знаете дека е земјоделско земјиште, земјоделски насади и Општина Кавадарци нема обврска, ниту пак можност додека не е урбанизирано да можеме да носиме вода во делот на тие локации, меѓутоа таму и технички, технолошки е проблемот за вода за пиење затоа што самата населба и самата локација е над нашата кота на централните базени и мислам дека нема хидролошки, гравитационен притисок за да може да добијат вода по природен пат како што и се водоснабдува цела територија на Општина Кавадарци, али доколку се урбанизира понатаки и се направе ете урбанизација за винарии, туризам или било што,

сигурно во таа урбанизација ќе биде предвидено и на кој начин да добијат соодветно и вода и канализација и сите потребни ресурси за функционирање. Патот за Дисан е одобрен 96 000 000 денари, на двете територии, 40% е на територија на Општина Неготино, 60% на Општина Кавадарци, па малтене и сразмерно и финансиски сме така поделени, ќе биде тендериран од Министерството за транспорт и врски и очекувам да тија тендер до месец јуни биде завршен и со отпочне со изградбата на тие отприлика 6 км. и добиеме една трансферзала кај што ќе бидиме врзани со кружно врзување и до Дисан и Тимјаник и на само 6 км да стигнуваме до Дисан кај што ќе има многу благодет и за граѓаните на Општина Неготино и на Дисан и за граѓаните на Општина Кавадарци, па и Росоман и околината да не вртат, меѓутоа и за развојот токму на ова лозарството, винарство, туризам итн. така да сето е во програма влезено и ќе се тендерира како што споменав и во моментот ние на многу проекти сме отворени како Општина, многу проекти се работат небројни, небројни ќе ги кажам, слободно нескромно ќе кажам небројни. Ако почниме да броиме, ќе се заборавиме, од канализации, Дабниште, Ресава, сали, значи не сакам да испадне дека сега го злоупотребувам прашањето да почнам да ги кажам сите проекти кои што се работат, ги гледат граѓаните, ги гледат жителите, како никогаш досега се бројни проекти кои што мислам дека ќе вродат со многу голем плод и стандард и на граѓаните и на економијата и на сето друго што преостанува во општина Кавадарци и ќе биде долгорочни проекти кај што на долги стази ќе има големи придобивки Општина Кавадарци. Тоа е во делот на прашањето. Би го искористил само овој момент да еве на советникот Вуко, поради тоа што не е задоволен од одговорот на прашањата јас би ве замолил советниче да се потрудите следниот пат да ми поставите прашање за да ви одговорам на прашањето. Вие не поставивте прашање кое што е во мои ингеренции, надлежности, ама баш ниту едно прашање и јас не сакам никој од тука незадоволен да си оде, а најмалку ти како видна фигура, Претседател на ОО ССДМ, советник, кординатор на советничка група, така да сакам да прашањата бидат соодветни, инаку во случајот требеше да ти кажам тука за мене нема прашање.

СОВЕТНИК ГОРАН КУЗМАНОВСКИ: Почитуван Претседател на Совет, почитуван Градоначалник, почитувани колеги советници, значи вака првен согласно Закон за Локална Самоуправа, согласно Деловник за работа, согласно Статут, значи прашањата можат да ни бидат усни или писмени, може да ни бидат иницијатива, може да ни бидат за решавање на проблемите на граѓаните, може да ни бидат контролни, дали нашите одлуки се спроведуваат, информативни, но мислам дека треба да бидат и сметам согласно Закон за локална самоуправа, се надевам Претседателе нареден пат нема да дозволиме советниците да поставуваат прашања што с општа политика, гола политика, бидејќи ако почниме ние да зборуваме за претходно што се случувало претходната власт, значи знаеме, затоа сме и до ова дереџе дојдени што сме сега. Да се вратам на темата. Значи Градоначалник советничко прашање, знаеме дека се гради од Глишиќ до Марена пешачка велосипедска патека, граѓаните прашуваат како се планира, до кога ќе биде завршена, а исто тука да го искористам прашањето дали се планира исто патека нели што беше и предвидена како во план до Дрекслермајер и исто така граѓаните често знаеме дека одат до Љубаш, до таму црквичето Св. Спас, дали натаму се има некој план за во идно време да се, дали пат или патека натаму да се граде. Како второ прашање значи знаеме дека кружни текови во овие два мандата многу се изградија и буквално значи го решаваат сообраќајот и значи и за возачите и за пешаците значи знаеме дека се брз проток на сообраќај, лесен и безбеден, дали уште на неколку локации се планираат такви кружни текови во иднина и ако се планираат на кои се. Во делот на катните гаражи исто постави претходно колега советник, кажавте дека нели се изгради оваа кај пазарот, дека планирате во центарот проширување, дали во новиот центар знаеме дека и кога бевме баш ка жителите од Белка и нагоре кај Минчо Јорданов, Кочо Рацин, значи знаеме дека некаде има жители каде што имат повеќе возила и каде што веќе со бројот на возила и таму ја знаеме густо живеењето, односно во згради, во станови млади брачни парови живеат таму, значи некаде реално има проблем со паркирање, дали во иднина се планира таму решавање на просторот, дали со проширување или ако не е со проширување како знаеме што ги има овие катни,

целта на тој Дом зса лица со таква потреба за да може да го даде правиот одговор како Дом и да функционира во делот на територијата на општина Кавадарци, а би кажал дека тоа е меѓу, не меѓу можам да кажам и прв Дом кој што на наша инцијатива е одобрен од МТСП и се гради на територијата на општина Кавадарци, гледајќи ги потребите и условите на нашите сограѓани, фамилии кои што имат потреба од таков третман или лично или на нивни ближни во семејството.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Почитувани колеги советници со тоа ја исцрпивме последната точка од денешниот Дневен ред Советнички прашања. Сите добивте покана во име на претстојниот празник Св. Трифун така да се гледаме на нашиот традиционален празник Св. Трифун на 14-ти февруари во петок. Благодарам. Секое добро.

Изработил: Анета Рамова

СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Стојанчо Рамов